[redacted]

( Образец ПП……)

Република Северна Македонија
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 09-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 7/1 | | |

**До:** Оделение за Спорт
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: (1) По кој критериум се донесе одлуката за распределба на финансиските средства во делот од поделбата на женските спортски (2) Зошто остатокот 700000 денари од предвидените 2 000 000 денари не се распределија на останатите женски колективи кои добија четири пати помала сума од ЖРК Пелистер и од ЖК Пелистер?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго Лично

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** ~~[illegible]~~**, _____202_ година .** [redacted] **Потпис**

09-01-2025

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Архивски знак: 1166
Рок на чување: 35
22.01.2025 година
Потпис: [illegible]

3. Прашање ?

Барање достава од податоци за колку се исплатени финансиски средства во последните 5 години од 2020 година до денес на следните спортски екипи :

1. Одбојкарски Женски клуб Пелистер (Род) : ?
2. Ракометен Женски Клуб Пелистер (Гин) : ?
3. Куглачки Женски Клуб Пелистер : ?
4. Женски фудбалски клуб Пет Тол : ?
5. Женски клуб Кошарка Пелистер : ?
6. Женски клуб Пинг Понг Пелистер : ?
7. Женски клуб Атлетско ~~Пелистер~~ Пелистер : ?

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-7/2
13.01.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-7/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 15-01-2025
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11-7/3 | | | |

До
Одделение за административни и општи работи

**Предмет**: Доставување на информации по барање со бр. 11-7/25 од 13.01.2025

Почитувани,

Согласно Вашето барање и согласно пристигнатото барање [redacted] од Битола за информации од јавен карактер, во продолжение Ви испраќаме одговори на поставените прашања:

1. За критериумите, одлуките и висината на доделените финансиски средства од програмата за поддршка на женските спортски клубови, одлучува Комисијата за спорт и млади при Советот на Општина Битола, согласно предходно добиените барања од страна на клубови/здруженија кои се натпреваруваат во националните лиги, а истите немаат статус на професионелни акционерски друштва.

2. Согласно финансиската програма не значи дека сите финансиски средства кои се определени во програмата треба да се искористат и Комисијата за спорт и млади при Советот на Општина Битола има право за тоа да одлучува.

3. По однос на третото прашање, Ви ги доставуваме исплатите за:

- О.К. Волеј Битола вкупно 1.500.000,00 денари, или по години:
  2020 - 150.000,00
  2021 - 150.000,00
  2022 - 200.000,00
  2023 - 500.000,00
  2024 - 500.000,00
- ЖРК Пелистер 2012 Битола вкупно 2.100.000,00 денари, или по години:
  2020 - 300.000,00
  2021 - 300.000,00
  2022 - 400.000,00
  2023 - 500.000,00
  2024 - 600.000,00

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за јавни дејности

- ЖФК Топ Гол Битола вкупно 950.000,00 денари, или по години:

  2020 - нема податоци

  2021 - 300.000,00

  2022 - 100.000,00

  2023 - 500.000,00

  2024 - 50.000,00

- Ф.К. Атлетико Битола вкупно 800.000,00 денари, или по години:

  2020 - нема податоци

  2021 - 50.000,00

  2022 - 100.000,00

  2023 - 500.000,00

  2024 - 50.000,00

- Кугларски клуб Пелистер Пин Битола вкупно 451.000,00 денари, или по години:

  2020 - 10.000,00

  2021 - 90.000,00

  2022 - 76.000,00

  2023 - нема податоци

  2024 - 275.000,00

- Женскиот кошаркарски клуб е во склоп на КК „Пелистер“ АД Битола, додека женската екипа во пинг понг е во склот на ППК Пелагонија од Битола и за тие екипи нема посебни исплати.

Во прилог Ви доставуваме картици од Одделението за сметководство на Општина Битола, за извршени исплати кон спортски клубови за период од 2020 до 2024 година.

Битола, 14.01.25

Раководител на сектор за
економски развој, јавни дејности
и информатичка технологија
м-р Снежана Петровска

Изработил:
Александар Стефановски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 347 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за финансиски прашања
Одделение за сметководство

До
**Одделение за Локален економски развој**

**Бр.22-2/1**
**13.01.2025**

**Предмет: Одговор на барање за информација од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на Ваше барање за доставување на информација од јавен карактер за точка 3 од барањето, Ви доставуваме информација со прилог картици за извршени исплати кон спортски клубови за период 2020-2024 година

Со почит

**Раководител на Одделение за сметководство и плаќање**
м-р Марија Савевска Христовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 326 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-7/4
15.01.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од баратело[redacted] поднесено на **09.01.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-7** од **09.01.2025 година**, каде бара информација за тоа по кои критериуми се донесе Одлука за висината на финансиските средства за женските спортови, зошто останатите 700.000,оо денари од предвидените 2.000.000,оо денари не се распоредени на останатите женски клубови и за исплатени финансиски средства на женски клубови во последните 5 години од 2020 година до ден денес.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Баратело[redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-7 на ден 09.01.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација за тоа по кои критериуми се донесе Одлука за висината на финансиските средства за женските спортови, зошто останатите 700.000,оо денари од предвидените 2.000.000,оо денари не се распоредени на останатите женски клубови и за исплатени финансиски средства на женски клубови во последните 5 години од 2020 година до ден денес.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-7/1 од 09.01.2025.
2.Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-7/2 од 13.01.2025.
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр.11-7/3 од 15.01.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 15.01.2025 година, под бр. 11-7/4.

Прилог:
[redacted]

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА